РЕПУБИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено: | 26.08.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/83 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **основи на општествените науки** за VI одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп.

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО МУЛТИХЕНДИКЕП**

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Скопје, 2013

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се поттикнува да стекнува основни знаења за општествената и природната околина;
- да се стимулира да развива способности за сознавање, доживување и вреднување на своето однесување и однесувањето на другите во општествената и културната средина, како и кон природната околина;
- да осознае дека постои заемна поврзаност/интеракција на општествените појави;
- да се поттикнува да развива самостојност, самодоверба и одговорност;
- да се стимулира да соработува со другите и да учествува во решавањето на настанатите проблеми;
- да се поттикнува да ги развива способностите за комуницирање и соработка со другите (преземање улога на другите, одговорност, учество во групна работа, разбирање за другите, почитување на традицијата и културата на другите, грижа за другите и сл.);
- да се поттикнува да осознава за историските периоди и за нивните основни карактеристики;
- да стекне сознанија за различните начини на сметање на времето кај старите народи;
- да стекне основни сознанија за општествените уредувања на државите на речните цивилизации од стариот Исток;
- да стекне основни сознанија за одделните историски појави и процеси од праисторијата и стариот век;
- да стекне основни сознанија за значењето и придонесот на историските личности од овој историски период;
- да стекне основни сознанија за развојот на економијата, науката и културата во државите на речните цивилизации;
- да се оспособува да се запознае со одликите на хеленската, римската, илирската и старомакедонската култура;
- да се оспособува да се запознае со најкрупните придобивки од појавата, развојот и јакнењето на македонската држава.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА 1: ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се поттикнува да го осознае поимот општествена наука;<br>➢ да се запознае со поимот историја/минато;<br>➢ да се запознае со историјата како општествена наука и нејзиното значење;<br>➢ да се запознае со историските извори - археолошки наоѓалишта. | Општествени науки<br><br>Историјата како општествена наука<br><br>Историски извори | Историја<br><br>Минато<br><br>Археолошки наоѓалишта<br><br>Археолог | • Објаснување со конкретни примери, слики и илустрации што е минато.<br>• Објаснување со фотографии кога учениците биле мали – асоцијација за минато.<br>• Раскажување приказни од минатото.<br>• Разгледување сликовници со слики и илустрации од минатото.<br>• Гледање филмови од старо време.<br>• Споредување на животот порано (во минатото) и денес.<br>• Изработување пано: Порано/сега (учениците лепат слики и илустрации).<br>• Слики, илустрации, историска читанка за археолошки наоѓалишта и извори.<br>• Посета на Музејот на Македонија - разговор.<br>• Посета на археолошки локалитети Тумба - Маџари, Кокино - разговор.<br>• Гледање видеозаписи на Интернет.<br>• Разговор со археолог.<br>• Работилница: Археолошки локалитети. |

| ТЕМА 2: ПРАИСТОРИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да се поттикнува да стекне основни сознанија за поимот праисторија;<br>➢ да стекне основни сознанија за каменото и металното време;<br>➢ да се поттикнува да се запознае со нашите предци и нивните карактеристики (орудија, храна, комуникација и сл.);<br>➢ да стекне основни сознанија за улогата на огнот во промените на начинот на живот на луѓето;<br>➢ да стекне основни сознанија за значењето на откривањето на металите;<br>➢ да стекне основни сознанија за појавата на првите верувања кај народите во праисторијата. | Праисторија<br><br>Животот на човекот во каменото време<br><br>Животот на човекот во металното време<br><br>Верувањето на човекот во најстарите заедници | Еволуција<br><br>Религија<br><br>Наколни живеалишта | - Работа со историска карта - се покажува како се движеле различните народи во праисторијата.<br>- Изработка на лента за времето, лента на историски периоди.<br>- Вежби: Демонстрирање на читање на времето на лента на времето.<br>- Работа со илустративен материјал: слики, макети, историски извори, слики и цртежи.<br>- Цртање и боење орудија и алати на праисториските луѓе<br>- Фрагменти од филм, ДВД (камено време, метално време, документарен филм).<br>- Работилница: Камено време/метално време.<br>- Пано: Основни карактеристики на металното и на каменото време.<br>- Објаснување за верувањата на луѓето во праисторијата.<br>- Посета на црква и џамија.<br>- Читање пригодни текстови од историска читанка, Интернет снимки и сл.<br>- Изработка на макети на живеалишта и предмети од секојдневниот живот на луѓето во праисторијата. |

## ТЕМА 3: СТАР ИСТОК

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да стекне основни сознанија појавата и развитокот на најстарите речни цивилизации и држави;<br>➢ да стекне основни сознанија за социјалната структура на населението;<br>➢ да се запознае со начинот на живеење на луѓето (улогата на жената, образованието на децата, занимањата, исхраната, облекувањето, начините на лекување и сл.);<br>➢ да стекне основни сознанија за достигањата во градежништвото, уметноста и науката кај најстарите цивилизации;<br>➢ да стекне основни сознанија за верувањата кај одделни стари народи. | Најстарите цивилизации<br><br>Старата египетска држава<br><br>Културата и верувањата на народите од стариот Исток | Цивилизација<br><br>Стар Исток<br><br>Сфинга<br>Фараон<br>Пирамида<br><br>Храм<br><br>Свештенство | ✦ Читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјали.<br>✦ Демонстрирање слики, опишување и поврзување на сликите со соодветен настан, личност, време - употреба на видеозаписи, документарен филм.<br>✦ Работилница: Боење илустрации на пирамида, сфинга, фараон и сл.<br>✦ Следење фрагменти од документарен филм за одреден историски период.<br>✦ Читање приказни по слики - разговор |

| ТЕМА 4: БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да стекне основни сознанија за природните услови и населението;<br>➢ да стекне основни сознанија за создавањето на градовите - држави, полиси;<br>➢ да стекне основни сознанија за Спарта, уредувањето, воспитанието на младите;<br>➢ да стекне основни сознанија за Атина, постанокот и населението, уредувањето и сл.;<br>➢ да стекне основни сознанија за верувањата на хелените, нивната митологија и религија;<br>➢ да стекне основни сознанија за Олимписките игри;<br>➢ да се запознае со начинот на живеењето на луѓето. | Хелада<br><br>Спарта и Атина<br><br>Култура на хелените<br><br>Илирски кралства | Хелада<br><br>Театар<br><br>Митологија<br>Уметност<br><br>Олимписки игри | ♣ Разговор по илустрации, Интернет записи и на историска карта за движењето на народите.<br>♣ Разговор по илустрации во историската читанка.<br>♣ Историски филм по избор.<br>♣ Разговор со слики, илустрации, видеозаписи и сл.<br>♣ Изработување пано Спарта/Атина сличности и разлики.<br>♣ Боење на спартански војник.<br>♣ Боење на атински војник.<br>♣ Интернет записи, илустрирани материјали, слики на споменици од хеленската култура.<br>♣ Гледање тетарски претстави.<br>♣ Во што верувале луѓето низ вековите?<br>♣ Симулација на олимписки игри во спортска сала (спортски вештини некогаш и денес).<br>♣ Разговор по илустрации од историска читанка.<br>♣ Боење илустрација на илирски монети, метална капа и керамички сад. |

## ТЕМА 5: МАКЕДОНИЈА ВО СТАРИОТ ВЕК

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да стекне основни сознанија за најстариот период на македонската историја;<br>➢ да се запознае со формирањето на државата;<br>➢ да стекне сознанија за потеклото и името на Македонија;<br>➢ да стекне основни сознанија за реформите во јакнењето на македонската држава во времето на Филип II;<br>➢ да се запознае со доаѓањето на Александар III Македонски на чело на државата;<br>➢ да се запознае со ширењето на македонската држава и нејзиното значење;<br>➢ да се запознае со личноста на Александар III;<br>➢ да се запознае со визијата на Александар III Македонски за рамноправност, толерантност и заедничко живеење на народите;.<br>➢ да се запознае со посебноста на македонската култура, јазик, обичаи, начин на живеење. | Македонската држава до Филип II<br><br>Македонската држава во времето Филип II<br><br>Александар III Македонски<br><br>Културата на старите македонци | Горна Македонија<br>Долна Македонија<br><br>Филип<br>Пела<br>Олимпија<br><br>Александар Македонски<br>Букефал<br>Фаланга | - Работа со илустрации и карти: Карта на Македонија во IVвек пред нашата ера.<br>- Работа по историски атлас.<br>- Илустрации и слики: Пела, Филип II, портрет на Александар III Македонски.<br>- Интернет записи и презентации, историски филм по избор.<br>- Македонското сонце - цртање и боење.<br>- Изработување на македонското сонце со зрна.<br>- Митот за Букефал - разговор, боење на цртеж на Букефал.<br>- Илустрирани материјали, слики на споменици на културата на античките македонци.<br>- Прошетка по плоштадот Македонија и разгледување на спомениците.<br>- Моделирање на омилениот споменик.<br>- Боење на илустрација на споменик.<br>- Интернет записи.<br>- Историски филм по избор.<br>- Читање приказни од историска читанка. |

Напомени за начинот на планирање и реализација  на наставната програма

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.
Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето  (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности  за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности  за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО МУЛТИХЕНДИКЕП

Развојот на учениците со мултхендикеп ги следи законитостите на развојот карактеристични за севкупната популација. Нивните физиолошки, социјални и емоционални потреби се како и на останатите нивни врсници. Спецификите се во темпото на развој , кој најчесто е  забавен. Времетраењето и спецификите на секоја од развојните фази е специфична за секое дете.Карактеристичните „одлики“ на учениците со мултихендикеп имаат импликации во повеќе области. Имено, учениците со мултихендикеп имаат „сиромашна“ меморија, површно, лабилно и краткотрајно внимание ограничено логичко расудување, дефицитно сознание за себе и окружувањето, ограничени способности за дискриминација и исклучително редуцирана способност за имагинација и апстракција.

Кај ученикот со мултихендикеп примарни пречки се сериозните пречки во психичкиот развој, но тие, исто така, може да имаат и редукција на слухот и/или видот и симптоми на аутизам. Повеќето од нив се потполно зависни од околината,односно потребен им е постојан надзор.
Заради успешно одговарање на сите овие специфични индивидуални потреби на учениците со мултихендикеп, како и заради специфичниот стил на учење, наставникот треба да планира различни типови наставни часови (часови за обработка на наставните содржини, часови за увежбување, за повторување и часови за проверување на нивото на усвоеност на наставните содржини).
Пред да се започне со обработка на нова содржина, треба да се искористи предзнаењето на ученикот, односно да се појде од веќе познатото, како вовед во новите содржини. Бидејќи учениците имаат скромни искуства и предзнаења, наставникот пред да започне со обработката на новите наставни содржини треба да планира и да реализира набљудувања и/или посети со цел стекнување и проширување на нивните конкретни искуства и предзнаења. За да им овозможи на учениците постапно усвојување на содржините, новото градиво би требало да го изложува етапно. При објаснувањето на новите поими треба да планира доволно време и да користи повеќе и соодветни средства и помагала за успешно приближување на новиот поим на ученикот. Наставникот треба да користи конкретни предмети и/или нивни модели, внимателно избрани слики, цртежи, илустрации, филмови и сл. При усвојување на нов поим (доколку се усвојува со сите ученици) го запишува на училишната табла и/или на индивидуална плоча, картон или соодветно парче хартија (доколку новиот поим се однесува на конкретен ученик). Доколку е потребно наствникот користи синоними познати на ученикот.  Дополнителните објаснувања треба да бидат концизни и прецизни. Наставникот не треба да воведува нови поими се додека претходните не се потполно усвоени. Доколку наставникот дозволи да се „натрупуваат" нови поими, вниманието на ученикот флуктуира и постепено губи интерес активно да партиципира на часот.
Кај репродуктивното повторување во наставните содржини треба да се внесуваат одредени смислени промени. Тоа е интересно за учениците, бидејќи со промените се избегнува монотонијата, а е поефикасно за ученикот затоа што придонесува за потполно остварување на фукнкционалните цели на наставата. Токму тие промени создаваат дополнителни напори и проблеми за овие ученици. Тоа е етапа на усвојување на знаењата кога се оперира со факти, кога се работи на генерализации, за апстракции и разбирање на поставените задачи. Тоа од учениците бара нивно активно творечко решавање, прикажување на постигнатите резултати, а за сето тоа е потребен развиен говор и добри аудитивни способности (компетенции кои овие ученици или не ги поседуваат или се на незадоволително ниво).
Развојот на говорот и слушањето е перманентен процес кој трае во сите етапи од основното образование. За да можат учениците да ги развиваат творечките способности, треба да ги разбираат наставните содржини. Заради тешкотиите во разбирањето на многу изрази,факти, апстракции и генерализации, треба да се организираат и говорни и слушни вежби.Во случаите со слаби говорни способности тешко може да се постигне учениците самостојно да произнесуваат преструктуирани содржини. Заради тоа, овие ученици во фронталниот начин на работа тешко можат да ги изразат сопствените вистински и

потенцијални интелектуални творечки способности, како што се досетливоста, проникливоста, оригиналноста и неконвенционалноста.

При усното проверување на нивото на постигањата, наставникот треба да поставува прилагодени, соодветни, јасни, разбирливи прашања-задачи, по потреба да се користи со дополнителни прашања, особено кога сака да ги провери способностите на мислењето на ученикот и евентуално формализмот во неговото знаење. Во таквиот начин на проверување субјективниот фактор наставник може да има голема улога и во постигањето на адекватниот однос кон ученикот и во создавање пријатна клима (со стрпливост и разбирање), како и при вреднувањето на нивото на постигањата на ученикот.

Писменото проверување овозможува проверка на познавањето на содржината, способноста за мислење и писмено изразување. За да биде сигурен дека ученикот правилно го разбира усмениот налог, истиот го запишува на училишната табла, наствното ливче и сл.

Заради збогатување на речникот, секојдневно треба да се води слободен разговор инициран од конкретни случувања или импровизирани ситуации.

При реализирањето на воспитно -образовниот процес со учениците со мултихендикеп  треба да се оперира со богато илустраиран материјал. Добро избраната слика, цртеж, илустрација кај ученикот може да го обезбеди она што сакаме ученикот интелектуално да го сфати, логички да го обработи и притоа да сака да се изрази употребувајќи говор.

Развојот и учењето на учениците со мултихендикеп и со оштетен вид се одвива според истите законитости на развојот како и кај учениците што гледаат, но,  постојат разлики и варијации кои се однесуваат главно на брзината и темпото на нивниот развој. Темпото на стекнување на одредени вештини и знаења кај нив е побавен,а варирањето во брзината на развојот е поголема отколку кај учениците кои имаат вид. Воопшто, кај слепите лица (јои имаат и пречки во психичкиот развој) е потребно постојано зборување, усно обраќање, објаснување, разговор, проверка на разбраното по пат на прашања.

Учениците со мултихендикеп со симптоми на аутизам манифестираат доцнења во развојот на говорот и јазикот.Кај нив поголеми се предизвиците на полето на социјалната комуникација и интеракција. Тие, исто така, може да имаат проблеми со започнување и/или спонтано одвивање на конверзацијата.Многу често, учениците со аутизам обраќањето на наставникот го разбираат како тој да им се обраќа на другите, а не токму нему/нејзе.

Тие може да реагираат и/или да одговараат на одредени информации и налози на многу невообичаени, несоодветни, специфични и уникатни начини.Карактеристично за некои од нив е дека без некоја причина во одредени ситуации реагираат агресивно и автоагресивно што може да резултира со сериозни повредувања.

Карактеристика за нив е што тие многу често инсистираат на едноличност, монотоност и стереотипност во однесувањето и окружувањето. Многу често пружаат отпор на воведувањето на евентуални промени од кава било природа.  Учениците се соочуваат со тешкотии во искажувањето на сопствените потреби, желби, намери и сл. Специфика на нивното однесување, исто така,  претставува постојано повторување на одредени зборови и фрази (ехолалија), како и повторување на идредени движење (ехопраксија). Изразената хипо или хиперактивност е, исто така, нивна карактеристика.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

**Насоки за меѓупредметно поврзување**

Наставниот предмет основи на пштествените науки содржи меѓупредметно поврзани цели, содржини и активности, односно постои корелација. Со оглед на фактот што наставната програма е структуирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањето на основите на општествените науки се очекува и планирањето на наставата да ја следи оваа глобална цел. Целите и содржините од овој наставен предмет се компонирани од аспект на сите општествени науки и нивната примена во секојдневниот живот.

**Препораки за користење на годишниот фонд на часови**

Препораките за користење на годишниот фонд на часови се дадени како ориентација заедно со конкретните цели и теми и содржини, штосекако не треба да го ограничува нивното прераспределување според потребите при реализацијата. Поинакво користење на часовите треба да го проценува предметниот наставник според достигањата на неговите ученици според промените во квалитетот на знаењата и резултатите кои тие ги постигнуваат.

Наставниот предмет основи на општествените науки е задолжителен, а се изучува со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

**Наставни средства:**

- извори на учење од непосредната околина-примери напојави, настани, предмети и сл. во семејството, населбата, блиската околина, општината и општеството во целина како и за односите меѓу луѓето;
- енциклопедии за деца, речници, атласи, карти и сл.;
- Интернет,образовни софтвери - Green paket junior;
- светски признати списанија од областа на општествените науки;
- аудиовизуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД, видеоплеер, ЛЦД и др.)

Важно е наставниот процес да биде заснован на:

-секојдневните реални состојби и прашања кои произлегуваат од непосредната лична и општествена околина на учесниците;
-холистичка, интердисциплинарна и интерактивна обработка на наставните содржини;
-насочување кон планирање и преземање на активностите во непосредната околина;
-поттикнување на споредбен пристап во обработката и презентирањето на информациите за појавите и другите сознанија.

За постигањето на целите треба да се користат соодветните наставни форми од индивидуална работа, работа во парови и групната работа. Во разработката на наставната содржина соодветно треба да се користат следниве методи и активности:проектна настава, посети и разговори, играње на улоги и симулација, усна и писмена презентација. Се препорачуваат, исто така, и екскурзии и посети, кога е тоа можно.Наставникот е самостоен при изборот на начините и пристапите во реализацијата на наставната програма.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

### Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата (промените) на учениците,се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл.(формативно оценување), со цел да се воспостават врските помеѓу учењето, поучувањето и оценувањето.
Во програмата се наведуваат начините на следење и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми во кои спаѓаат активностите на учениците, како и активностите поврзани со водењето на портфолио за ученикот со задачи, извештаи од истражувачките активности и сл. Други средства и постапки за следење и оценување: говорни вежби, разговор-дијалог наставник - ученик и сл..
Следењето на постигањата на учениците е составен дел на планирањето на наставата и на учењето.

- Оценувањето треба да се базира врз користење на повеќе различни методи за да се намалуваат слабостите и за да се земат предвид различните стилови и предиспозиции за учење на учениците. Притоа, проверувајќи го напредокот во постигањата на учениците,наставникот може да ги насочува учениците кон поставените цели на наставата.
- Оценувањето треба да биде праведно, да се спроведува непристрасно, како при вреднувањето на постигањата, така и при интерпретацијата и користењето на резултатите.
- Оценувањето треба да се врши транспарентно, што подрзабира дека учениците треба точно да знаат кои се целите на наставата, кои се очекуваните постигања и како тие постигања ќе се оценуваат.Тоа значи дека учениците треба да знаат зашто и што треба да научат и што,како и кога се оценува.
- Учениците и родителите континуирано треба да имаат увид во оценувањето.

**Начини на проверување и оценување:**

- усни одговори на прашања поставени од наставникот или од учениците, разговор меѓу учениците и разговор меѓу учениците;
- писмени извештаи, евиденции на податоци од истражуавањата;
- Практична изведба (вежби, моделирање, изработка на цртежи, ици, други графички материјали и сл.)
- проектна работа (набљудување, предвидување, собирање податоци и објекти, запишување и прикажување на податоците, презентирање);
- работа во група.

**Други средства и постапки за следење и оценување:**

- разговор-дијалог наставник-ученик;
- контролни листови,тестови на знаења;
- домашни работи;
- чек листи.

За постигањата на учениците се води дневник за сите наведени компоненти од кои се формира бројчана оценка на крајот на полугодието и на крајот на учебната година.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата по наставнито предмет основи на општествените науки се реализира во просторни услови и услови на опременост според општиот норматив за опременоста за реализирање на наставните програми во деветгодишното основно образование донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно - образовната работа во шесто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за историја;
- Педагошки факултет - Институт по историја – географија;
- дополнителна дефектолошка доообразба;
- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет, дипломиран дефектолог.

Изготвил: работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
Контролирал: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор на Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *основи на општествените науки* за шесто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

На ден ------------------------------------------

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-3959/1
19 08 2013 год.
СКОПЈЕ

Министер,

Спиро Ристовски